УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА

ФИКТ

ул. Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

Бр. 02-600/13
29.12.2022 година
Битола

Врз основа на член 110 став 1 точка 21 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/18 и Службен весник на РСМ бр. 178/21), а во врска со член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии-Битола, на седницата одржана на ден 29.12.2022 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за определување службени лица за посредување со информации од јавен карактер

1. За службени лица за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, како имател на информации се определуваат:
   - вонр. проф. д-р Наташа Блажеска- Табаковска
   - м-р Пеце Стојковски
   - Зоран Павловски
2. Службените лица за посредување со информации контактираат и ги даваат потребните информации од јавен карактер со кои располага Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола согласно со листата на информации утврдена со Одлука бр. 02-282/3 од 26.05.2015 год. и им помагаат на барателите на информации, за што водат посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давањето на информациите, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на Универзитетот и Факултетот.
3. Деканот или по негово овластување продеканите и секретарот на Факултетот соработуваат со службените лица за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
4. Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-282/4 од 26.05.2015 година.
5. Оваа Одлука се објавува на веб страната на Факултетот.
6. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Наставно-научен совет**
**Декан**

**Ред. проф. д-р Благој Ристевски**

ДН
- службени лица за посредување со ИЈК
- Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер
- архива